



# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

## КАРПОШ СО ПОДДРШКА НА СВЕТСКИОТ ЗДРАВСТВЕН СТУДЕНТСКИ СИМПОЗИУМ

**Општина Карпош е спонзор на првиот Светски здравствен студентски симпозиум кој ќе се одржи од 17-22 ноември 2015 година во х.Континентал, Скопје. Организаторот на овој исклучително значаен меѓународен настан е Македонската медицинска студентска асоцијација и во рамки на него ќе бидат одржани едукативни настани во полето на на медицината: фармација, ветерина, стоматологија и физиотерапија.На симпозиумот се очекува учество на повеќе од 350 студенти по медицина од целиот свет, а предавањата ќе ги држат светски реномирани професори.Во прилог е програмата и подетални информации на следниов линк www.whss2015.com.**



# УСПЕШНО СТАРТУВАН СИСТЕМОТ НА ПАСИВНО ЛАДЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ БАРАКИ ВО ОПШТИНА КАРПОШ

Системот за греење и ладење со термални пумпи систем вода/вода, кој веќе две години се користи за подното греење и ладење во административните бараки во Општината, годинава беше модифициран за можноста на користење на пасивно ладење, без вклучување на термалните пумпи во режим на ладење. Ова значи дека бунарската вода, со температура до 12 степени, директно преку изменувач ја лади водата во системот до 17-18 степени. Во овој режим, очекувањата се дека административните бараки во текот на летото и во екстремни надворешни температури, ќе одржува внатрешна температура до 26 степени. На овој начин, просторот од приближно 800 м2 , кој со вклучените термални пумпи се лади со месечна потрошувачка на струја од околу 18.000 денари, месечно во режим на пасивно ладење ќе троши не повеќе од 2.000 денари месечно. Ова е уште еден доказ за можностите и економската исплатливост на системите за обновливи извори на енергија. Општина Карпош во наредниот период, ќе продолжи да ги применува во проектите кои се во фаза на реализација, во ООУ „Вера Циривири Трена“ и во новата детска градинка во населба Бардовци.



# НАГРАДА ЗА НАЈУСПЕШНИТЕ ПОЛУМАТУРАНТИ



Младите жители на Општина Карпош се идните академски граѓани, кои општината и советниците во општината сесрдно ги поддржуваат. Во таа насока, на 35. седница , со 23 гласа „за" , советниците при Советот на Општина Карпош ја усвоија Предлог-одлуката за доделување на парични средства – награди на 10 ученици полуматуранти, првенци на генерација во општинските основни училишта на Општината за учебната 2014/2015 година. На седницата на Советот, дневниот ред се дополни со уште две точки, Предлог-одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден во Злокуќани во урбанистичко планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, која беше едногласно усвоена.Исто така, дневниот ред се дополни и со барањето за одобрување на финансиски средства на Синдикалната организација при локалната самоуправа Карпош, доставено од синдикалната организација при локалната самоуправа Карпош, средства наменети за одржување на 21-те спортски игри и средби.

Со позитивното гласање за оваа точка, Општина Карпош уште еднаш докажа дека е една од најспортските општини на ниво на Град Скопје. Во текот на седницата, советниците беа едногласни и за останатите точки на усвоениот дневен ред, како предлог-одлука за изменување и дополнување на Програмата за урбанистичко планирање за 2015 година, Предлог-одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект како и предлог-правилник за заштита од пожари и експлозии во 2015 година. Советниците од Советот на Општина Карпош ја усвоија и и дадоа „виза“ за понатамошно реализирање на Предлог-одлуката за воспоставување соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје заради изработка на заштитно-конзерваторски основи за културно наследство

## ЕКОНОМСКА ЕДУКАЦИЈА ПРЕКУ КНИГА



Љубителите на книгите, особено од економски карактер, имаа можност да присуствуваат на промоција на книгата „Малите економии и деловните гроздови“. Општина Карпош секогаш ги поддржува културно-едукативните манифестации, па така и оваа промоција на книга на авторот доц. д-р Николина Трајаноска. На промотивната манифестација присуствуваше градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, промотор на книгата беше д-р Ристо Иванов, како и поддржувачи и љубители на втората книга на Трајаноска. Фокусот на книгата се прашања поврзани со конкурентноста на малите економии, односно колку е значајно во услови на малверзација, каде конкуренцијата е изострена и каде најмногу на пазарот се погодени малите претпријатија. Книгата особено е фокусирана на придонесот во обласtа на иновациите во економијата. Авторот Николина Трајаноска во 2012 година ја објави својата прва книга со наслов „Трговска марка – креирање и тргување“, а оваа книга е нејзино второ дело.

# ПЛАТФОРМА ЗА ВМРЕЖУВАЊЕ „ЕКО-ЛОГИК“ ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАРПОШ

Општина Карпош е дел од проектот „Промовирање и иницирање на меѓусебна соработка и вмрежување помеѓу граѓанскиот сектор и локалните власти“, кој е во организација на Здружението за заштита и унапредување на животната средина „Еко-логик “. На работна средба беа презентирани целите на проектот, а како дел од нив се оформување на мрежа од пет организации кои работат во полето на иницирање и зголемување на комуникацијата, креирање на информациско-технолошки алатки во процесот на промовирање на досегашната и идната соработка и активности помеѓу граѓанскиот сектор и општините, како и градење поблиски односи со истите.

Претседателот на Здружението за заштита и унапредување на животната средина „Еко-логик“, Никола Нешковски, изрази благодарност за одличната соработка со Општина Карпош, како за овој така и за други проекти од областа на животната средина и додаде дека „Проектот се заснова на оформување на мрежа на граѓански сектори и локални власти, каде поентата е да се промовира нивната соработка, стимулирање на соработка и одржување на комуникација“-заврши Нешковски.

Проектот ќе биде презентиран на локално ниво каде што во наредните два месеца ќе бидат опфатени десетте општини во Град Скопје. Претставникот од Секторот за заштита на животната средина и природата при Општина Карпош, Јованче Цветаноски, рече дека ова не е единствен проект што се реализира со ова Здружение. -Имаме одлична соработка со Здружението „Еко-локиг“ во делот реализирање проекти кои преку фондови го подигаат нивото на работење на администрацијата, во однос на конекцијата помеѓу административниот и граѓанскиот сектор. Бенефитите се огромни, ова е една алка која недостасуваше во минатото. Вмрежувањето е од особено значење за останатите општини, невладини и граѓански здруженија, кои меѓу себе ќе пренесуваат информации и ќе можат да соработуваат. Главните активности во проектот ќе се одвиваат преку тркалезни маси, односно работилници наменети за партнерите вклучени во проектот. Дел од активностите ќе бидат и креирањето на информациско-технолошките алатки, како и истражување и креирање на бази на податоци на реализирани проекти меѓу таргет групите.




ОПШТИНА КАРПОШ
За Карпош кој го сакам!
ОПШТИНА КАРПОШ
За Карпош кој го сакам!

# ПРАЗНИЧНО УЖИВАЊЕ СО ЛИКОВНИ ДЕЛА

Во празнична и релаксирана атмосфера, се одржа изложба со поетска вечер, која беше во организација на Општина Карпош и одделението за спорт и култура. По повод претстојниот празник Св. Кирил и Методиј, на изложбата учествуваа 14 врвни уметници, кои со своите вешти раце придонесоа до пријатна и празнична пролетна вечер. Љубителите на поетските стихови, освен што уживаа во изложбата, се препуштија и на стиховите за незаборавните браќа Кирил и Методиј, познати како сесловенски просветители.

# ОПШТИНА КАРПОШ СО ПОДДРШКА ЗА ОРГАНСКИОТ БАЗАР ВО „СКОПЈЕ СИТИ МОЛ“

Општина Карпош се придружува кон здравиот живот преку органска исхрана. На првиот и единствен органски базар, кој е во организација на ТЦ „Скопје сити мол“ со поддршка од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, учествуваа во „здравата“ работилница дечиња од десетте основни училишта на територија на општина Карпош. Организаторите на првиот органски базар „Скопје сити мол“, на присутните претставници од одделението за социјална, детска и здравствена заштита, им донираа 200 парчиња семенски материјал кои ќе бидат наменети за градинките во Карпош. Овластеното лице за контрола и безбедност на храна и вработена во одделението за детска, социјална и здравствена заштита при Општина Карпош, Ирена Калајџиева-Милевска, изрази задоволство и благодарност до организаторите на донацијата која е од огромно значење за здравата исхрана и пред сè здравиот живот на децата, кои од мали нозе треба да ја користат. Базарот, кој со штандови ќе биде изложен секој четврток во текот на годинава, ќе биде место за споделување на позитивна енергија, вкрстосување патишта на сите поборници на здравиот живот со богата понуда од органски производи.

